ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ШТИП Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTE FOR PRESERVING CULTURAL MONUMENTS AND MUSEUM - STIP R.OF NORTH MACEDONIA
ТЕЛ.++389 32 392 044 www.zavodimuzejstip.mk
e-mail - zavodimuzejstip@t.mk
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

# УМЕТНОСТА И ЧОВЕКОТ

Каталог од изложбата на студентите од Ликовната академија при УГД

Уметничка галерија „Безистен“, октомври, 2019

# „УМЕТНОСТА И ЧОВЕКОТ“

Каталог од изложбата на студентите од Ликовната академија при УГД

Уметничка галерија „Безистен“, октомври, 2019

Главниот субјект во уметноста е човекот, неа ја создава човекот-автор за човекот-публика. Затоа, не е чудно што уметникот има секогаш голем предизвик во неговото творештво да ги анализира луѓето и нивната егзистенција во одреден физички, но и емотивен простор. Од својот специфичен агол на перцепција, уметникот секогаш наоѓа најразлични начини за претставување на човекот. Какво емотивно влијание има одредена човечка претстава врз уметникот, како тој ја интерпретира во еден затворен формат? Каква порака треба да остави? Дали тоа е лесно читливо за гледачот, или остава многу отворени прашања? Тоа е врска уникатна помеѓу уметникот, делото и гледачот и токму взаемната комуникација на ова тројство го дава одговорот на прашањата поставени погоре.

Поставеноста на човекот во светот и буквално, но и метафорично, е многу интересен предизвик за уметникот. Тој предизвик го тера да трага по непознатото, но и да биде постојано буден и постојано да се обидува сето она што ќе го види и осознае да го „испише“ на јазик кој ќе биде визуелно читлив. Токму ова внимание - да се зборува недвосмислено со јазикот на уметноста - е рационалната вештина со која уметникот се стекнува низ академскиот образовен процес.

Пред Вас се примери преку кои можете да насетите како студентите од Ликовната академија при УГД постепено се обучуваат да запловат во творечките води, да ја развијат будноста на перцепцијата, емотивно да резонираат со светот околу себе, но истовремено да задржат доза на дистанца и реационалност и свесно да ги употребат вештините кои ги изучуваат од нивните ментори.

Без разлика дали делата се изведени со традиционални цртачки, сликарски и вајарски техники и без разлика на индивидуалниот ракопис на секој поединечен студент, она што ја обединува оваа изложба во една целина е токму фокусот на човекот, не само како автор и публика, туку и како главен интерес на уметникот и тема на уметничкото дело. Она што навидум е само физичка разлика од човек до човек, од портрет до портрет, има и невидлив аспект кој за уметникот мора да е видлив и тој мора да најде начин да ни го пренесе и нам: да го долови карактерот на секој од неговите модели. Токму таа алхемија во творечкиот процес, доловувањето на невидливото, на душата, е она што на другите луѓе им наликува на комуникација со повисоките сфери. Се чини дека уметникот е поосетлив од повеќето луѓе и она што ќе допре до неговиот ум и дух буди многу суптилни вибрации. Луѓето кои не се обучувани да ги

препознаат овие мигови најчесто ги занемаруваат и дозволуваат да минат незабележано.

Уметникот и најсуптилните чувства ги пренесува на хартија, платно и глина. Преку неговата вешта интерпретација нам ни се овозможува да го видиме невидливото околу нас, отелотворено со неговиот специфичен ликовен јазик. Фигурата, портретот и генерално човечката претстава во уметничкото дело е своевиден отвор, врата која од еден ограничен простор не води во длабочините на бесконечното. Уметникот мора да знае да ја отвори таа врата, а наше е да ѕирнеме што има од другата страна.

Список на учесници и дела:

Александра Јеротијевиќ, класично сликарство

• Портрет на Баже

• Портрет на Љупче

• Портрет на жена, копија

• Портрет на маж, копија

• Портрет, цртеж, сепиа на хартија

• Профил, цртеж, молив на хартија

Анкица Коцева Стевановска, класично сликарство

• Акт со драперија, цртеж, сепиа на пакпапир

Вангел Крстиновски, класично сликарство

• Фигура со чадор, цртеж, јаглен и креда на пакпапир

• Фигура со драперија, цртеж, јаглен и сепиа на хартија

• Акт, цртеж, јаглен и креда на пакпапир

• Автопортрет, цртеж, јаглен и креда на пакпапир

• Портрет, цртеж, јаглен и креда на пакпапир

Даниел Пислевски, вајарство

• Портрет на маж, моделација во глина

Дејан Витанов, класично сликарство

• Данте, цртеж, сепиа на хартија

Димитар Костадинов, класично сликарство

• Баже, цртеж, молив на хартија

• Ненад, цртеж, молив на хартија

**Елена Цветковска, вајарство**

- *Машки портрет, моделација во глина*

**Елизабета Тошевска, вајарство**

- *Портрет, моделација во глина*
- *Афродита, релјеф, моделација во глина*
- *Профил, релјеф, моделација во глина*

**Ивана Ивановска, класично сликарство**

- *Портрет на Велјан, цртеж, јаглен и креда на пакпапир*
- *Автопортрет со книга, цртеж, јаглен и креда на пакпапир*
- *Ловец, цртеж, јаглен и креда на пакпапир*
- *Читачот, цртеж, јаглен и креда на пакпапир*
- *Фигура со чадор, цртеж, јаглен и креда на пакпапир*
- *Портрет со череп, цртеж, јаглен и креда на пакпапир*
- *Автопортрет со виолончело, цртеж, јаглен и креда на пакпапир*
- *Фигура со драперија, пастел на пакпапир*
- *Сократ, масло на лесонит*
- *Стонс, масло на лесонит*
- *Портрет со череп, масло на лесонит*
- *Љупче и Сократ, масло на лесонит*

**ИвицаМрчковиќ, вајарство**

- *Портрет, моделација во глина*

**Пецо Пандевски, класично сликарство**

- *Портрет на Сања, масло на лесонит*
- *Портрет на Баже, масло на лесонит*
- *Полуфигура, масло на платно*

**Сергеј Смилков, вајарство**

- *Профил, релјеф, моделација во глина*
- *Портрет, релјеф, моделација во глина*

Ментори: д-р Викторија Егорова, м-р Јана Јакимовска (Цртање), м-р Игор Егоров, д-р Лариса Бондаренко (Сликање) и д-р Слободан Милошески (Вајање)



Александра Јеротијевић
*Класично сликарство*




Анкица Коцева
*Класично сликарство*



Вангел Крстиновски
*Класично сликарство*



Даниел Пислевски
*Вајарство*




Дејан Витанов

*Класично сликарство*



Димитар Костадинов
*Класично сликарство*



Елена Цветковска
*Вајарство*



Елизабета Тошевска
*Вајарство*



Ивана Ивановска
*Класично сликарство*



Ивица Мрчковиќ
*Вајарство*



Пецо Пандевски
*Класично сликарство*



Сергеј Смилков
*Вајарство*

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ ШТИП


Изложбата е реализирана во соработка со ликовната академија при Универзитетот ,,Гоце Делчев“

Проектот е финансиран од Министерство за култура

Република Северна Македонија

Министерство за култура